*Број: 02 - ___________*
*________ 2016 година*
*С к о п ј е*

# *ЗАПИСНИК*
## ***од CCX-та седница на Управниот одбор на***
## ***Фондот за здравствено осигурување на Македонија,***

*одржана на 19 септември 2016 година со почеток во 12.00 часот во просториите на Фондот за здравствено осигурување на Македонија*

***Присутни членови на Управниот одбор:***

- *Ангел Митевски, претставник од Министерството за здравство - заменик на претседателот;*
- *Д-р Љубиша Каранфиловски, претставник од Сојузот на синдикатите на Македонија - член;*
- *Прим. М-р Д-р Илија Глигоров, претставник на пензионерите во Република Македонија – член;*
- *Проф. Д-р Бистра Ангеловска, претставник од Лекарската, Фармацевтската и Стоматолошката комора на Македонија - член;*
- *Д-р Ненад Гавриловиќ, претставник на осигурениците – член.*

***Отсутни членови на Управниот одбор:***

- *Елена Трпковска, претставник од Министерството за финансии - претседател;*
- *Д-р Тања Дејаноска, претставник на стопанствениците во Република Македонија – член.*

***Присутни од ФЗОМ:***

- *Д-р Сашо Стефаноски, директор на ФЗОМ;*
- *Орхан Рамадани, директор на ФЗОМ;*
- *Љубица Димитровска, раководител на одделението за сметководствени работи (делумно присутна);*
- *Душан Бекриќ, помлад соработник (делумно присутен);*
- *Бранислава Катушевска, раководител на одделението за буџетска координација, преговарање и договарање (делумно присутна);*

- *Христо Трповски, раководител на одделението за регрес и судски постапки, во својство на записничар.*

*Поради отсуството на претседателката на Управниот одбор Елена Трпковска, седницата ја водеше заменикот на претседателот Ангел Митевски. На почетокот утврди дека се присутни пет членови на Управниот одбор со што условите за полноважно работење и одлучување се исполнети, по што го прочита претходно доставениот*

*П Р Е Д Л О Г - Д Н Е В Е Н Р Е Д*

1. *Предлог за донесување на Одлука за утврдување на вредноста на бодот за платите на вработените во Фондот за здравствено осигурување на Македонија;*
2. *Предлог за донесување на Одлука за утврдување на платата на директорот на Фондот за здравствено осигурување на Македонија;*
3. *Предлог за донесување на Одлука за изменување на Одлуката за утврдување на висината на вкупниот надоместок што Фондот ќе го исплати на ПЗУ Клиничка болница Аџибадем Систина од Скопје за здравствени услуги од областа на кардиоваскуларната хирургија во 2016 година;*
4. *Предлог за донесување на Одлука за изменување на Одлуката за утврдување на висината на вкупниот договорен надоместок на здравствените установи за обезбедени услуги од областа на специјалистичко – консултативната здравствена заштита за 2016 година;*
5. *Разно.*

*Управниот одбор едногласно го прифати предлогот со што за работата на CCX-та седница се усвои следниот*

*Д Н Е В Е Н Р Е Д*

1. *Предлог за донесување на Одлука за утврдување на вредноста на бодот за платите на вработените во Фондот за здравствено осигурување на Македонија;*
2. *Предлог за донесување на Одлука за утврдување на платата на директорот на Фондот за здравствено осигурување на Македонија;*
3. *Предлог за донесување на Одлука за изменување на Одлуката за утврдување на висината на вкупниот надоместок што Фондот ќе го исплати на ПЗУ Клиничка болница Аџибадем Систина од Скопје за здравствени услуги од областа на кардиоваскуларната хирургија во 2016 година;*
4. *Предлог за донесување на Одлука за изменување на Одлуката за утврдување на висината на вкупниот договорен надоместок на здравствените установи за обезбедени услуги од областа на специјалистичко – консултативната здравствена заштита за 2016 година;*
5. *Разно.*

*Потоа се пристапи кон разгледување на точките на дневниот ред по редоследот како што е тоа забележано во овој записник.*

*ТОЧКА 1 - Предлог за донесување на Одлука за утврдување на вредноста на бодот за платите на вработените во Фондот за здравствено осигурување на Македонија*

*Ангел Митевски побара објаснување дали со предложената вредност на бодот за пресметување на платите на вработените односно висината на платата на директорот на Фондот изразена во бодови се менува висината на платата на вработените и на директорите.*

*Директорот Стефаноски и Љубица Димитровска одговорија дека висината на платите ќе остане иста како и дека платата на директорите е утврдена со менаџерскиот договор кои тие го имаат склучено со Владата. Со одлуката како и со одлуката од следната точка на дневниот ред само се врши усогласување со измените на Законот за здравственото осигурување и Правилникот за утврдување на висината на платите на работниците во Фондот за здравствено осигурување на Македонија кои предвидуваат дека вредноста на бодот за платите на вработените се утврдува секоја година со одлука на Управниот одбор, односно дека висината на платата на директорот ја определува Управниот одбор.*

*По објаснувањето, Управниот одбор едногласно ја донесе предложената*

***Одлука***
***за утврдување на вредноста на бодот за платите на вработените во Фондот за здравствено осигурување на Македонија***

*ТОЧКА 2 - Предлог за донесување на Одлука за утврдување на платата на директорот на Фондот за здравствено осигурување на Македонија*

*По објаснувањето за првата точка на дневниот ред кое во дел се однесуваше и на предлогот од точката 2, Управниот одбор едногласно донесе и*

***Одлука***
***за утврдување на платата на директорот на Фондот за здравствено осигурување на Македонија***

*ТОЧКА 3 - Предлог за донесување на Одлука за изменување на Одлуката за утврдување на висината на вкупниот надоместок што Фондот ќе го исплати на ПЗУ Клиничка болница Аџибадем Систина од Скопје за здравствени услуги од областа на кардиоваскуларната хирургија во 2016 година*

*Во рамките на третата точка на дневниот ред, Управниот одбор врз основа на предлогот содржан во работните материјали за седницата, без дискусија едногласно донесе*

***Одлука***
***за изменување на Одлуката за утврдување на висината на вкупниот надоместок што Фондот ќе го исплати на ПЗУ Клиничка болница Аџибадем Систина од Скопје за здравствени услуги од областа на кардиоваскуларната хирургија во 2016 година***

*со која во рамките на вкупниот утврден надоместок се изврши намалување на средствата наменети за кардиохируршки интервенции за 20.900.000 денари а за истиот износ се зголемија средствата наменети за васкуларни интервенции.*

*ТОЧКА 4 - Предлог за донесување на Одлука за изменување на Одлуката за утврдување на висината на вкупниот договорен надоместок на здравствените установи за обезбедени услуги од областа на специјалистичко – консултативната здравствена заштита за 2016 година*

*И во рамките на четвртата точка на дневниот ред, Управниот одбор врз основа на предлогот содржан во работните материјали за седницата, без дискусија едногласно донесе*

***Одлука***
***за изменување на Одлуката за утврдување на висината на вкупниот договорен надоместок на здравствените установи за обезбедени услуги од областа на специјалистичко – консултативната здравствена заштита за 2016 година***

*со која се утврди нов намален надоместок за една здравствена установа поради престанување на договорот што Фондот го има склучено со неа.*

*По донесувањето на одлуката од точката 4, бидејќи не беа дадени предлози за разгледување под точката 5 – Разно, дневниот ред беше исцрпен и Управниот одбор во 12.30 часот заврши со работата на ССХ-та седница.*

| | |
|---|---|
| *Записничар,* | *Управен одбор* |
| *Христо Трповски* | *Заменик на претседателот,* |
| | *Ангел Митевски* |

*Согласен, директор:*
*Д-р Сашо Стефаноски*
*Орхан Рамадани Orhan Ramadani*